# НАУЧНИ МЕТОДИ ВО НАСТАВАТА ПО МАТЕМАТИКА

**Валентина Гоговска**

За проучување на природните појави, својата околина и другите односи во реалниот свет, човекот користи посебни средства за истражување, наречени научни методи. *Научен метод* претставува начин на согледување на такви факти кои ќе му овозможат на набљудувачот, т.е. на истражувачот, да открие општи законитости за разгледуваните објекти или појави.

При изучувањето на математиката, ученикот се поставува во слична ситуација како научникот: тој за себе за прв пат си ги "открива" математичките вистини, сам или со помош на учителот. Затоа научните методи кои се застапени во математичките истражувања служат и како наставни методи.

Во оваа презентација ќе решаваме едноставни, но интересни, школски задачи, во кои се применуваат научните методи.